Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-232/8
04-08-2023 година

Постапувајќи по предмет оформен по претставка бр. 08-232/1 од 16.03.2023 година поднесена од [redacted] од Ресен, со адреса на живеење на [redacted] во Ресен, против Општинско Основно Училиште "Гоце Делчев"-Ресен, претставувано од директор [redacted], со седиште на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија, бр. 258/2020), на 04.08.2023 година го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Општинско Основно Училиште "Гоце Делчев"-Ресен, претставувано од [redacted] кон лицето [redacted] од Ресен.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-232/1 од 16.03.2023 година од подносителот [redacted] од Ресен против Општинско Основно Училиште "Гоце Делчев"-Ресен (во понатамошниот текст: ООУ "Гоце Делчев"-Ресен), претставувано од [redacted], за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус – степен и успех од стекнато образование и стручна подготовка, во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителката наведува дека дипломирала и магистрирала на Факултетот за музичка уметност во Скопје како инструменталист – флејтист. Вработена е од 2006 година како наставник по музичко образование во ООУ "Браќа Миладиновци"-с. Царев Двор, Ресен, по две години се префрлила во СОУ "Цар Самуил" во Ресен каде на 15.05.2012 година добила Решение за трансформација на работен однос од определено на неопределено време за половина работно време, односно за 10 наставни часа и таму работи до денес. Сите години наназад работи со неполн фонд на часови, па со самото тоа има понизок износ на месечните примања и намален работен стаж, односно и покрај тоа што работи 17 години, има ефективен работен стаж од 14 години.

Понатаму во претставката наведува дека за учебната 2022/2023 година во ООУ "Гоце Делчев"-Ресен се ослободиле часови по основ на пензионирање на вработен наставник по музичко образование, но актуелната директорка не постапила по член 10 од Закон за наставници и стручни соработници во основното и средното

образование[1] туку распишала јавен оглас за прием на двајца нововработени, без решение за неопределено време, и тоа за вкупно 10 часа. Наведениот член од законот предвидува дека: *Училиштето пред да распише јавен оглас за вработување, потребата од наставник на определено време ја обезбедува со наставник со соодветно образование и со неполн фонд на наставни часови од друго јавно училиште во општината, односно градот Скопје, по претходно обезбедена согласност за вработување на определено време од Министерството.*

Подносителката на претставката понатаму наведува дека согласно овој член од законот училиштата не треба да распишуваат оглас пред да се информираат дали има таков наставен кадар во нивната општина од други училишта. Доколку има, се бара согласност од Министерство за образование за ангажирање на тој наставник и се потпишува спогодба помеѓу училиштето кое има потреба од наставник од одредена наставна област и училиштето кое има таков наставник, односно наставник со неполн фонд на часови и соодветно образование. Информацијата дали има таков кадар, училиштата ја добиваат од локалната самоуправа која е надлежна за работите на училиштата по децентрализацијата во образованието.

Подносителката воедно вложила претставки до Државниот просветен инспекторат кои се однесуваат на постапувањето, односно непостапувањето по член 10 став (1) и став (3) од Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование, но инспекторатот во постапките по претставките не нашол повреди на овој член при постапувањето на директорката на ООУ "Гоце Делчев" – Ресен.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 20.04.2023 година со Барање за произнесување по наводи во претставка 08-232/4 се обрати до потенцијалниот дискриминатор, ООУ "Гоце Делчев"-Ресен од каде на 11.05.2023 година беше доставен Одговор број 03-123/1 во кој е наведено дека во два наврата во училиштето е извршен вонреден инспециски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, а по основ на поднесени претставки од страна на [redacted] од Ресен во врска со неправилности при спроведување на јавен оглас за вработување на наставен кадар во ООУ "Гоце Делчев"-Ресен. Кон Одговорот приложени се Записниците од извршениот надзор, а директорката на училиштето констатира дека за неа е нејасно кои повреди треба да ги отстрани кога во предметните записници неправилности не се утврдени.

Од причина што за Комисијата овој одговор беше недоволно аргументиран, односно во истиот не се изнесени факти и околности кои би послужиле за утврдување на фактичката состојба, Комисијата повторно се обрати до потенцијалниот дискриминатор на 30.06.2023 година со Барање за повторно произнесување по наводи во претставка број 08-232/6, воедно укажувајќи на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација[2] согласно кој *подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да*

[1] Службен весник на Република Северна Македонија, број 161/2019
[2] Службен весник на Република Северна Македонија, број 258/2020

*ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.*

Согласно наведеното, на 17.07.2023 година повторно беше доставен Одговор од страна на училиштето ООУ "Гоце Делчев"–Ресен, овој пат со поделано објаснување и прилог доказен материјал. Во одговорот се наведува дека од страна на Училишниот одбор на ООУ "Гоце Делчев""–Ресен објавен е оглас број 04-195/1 од 16.11.2022 година откако претходно е побарана и добиена согласност од Министерство за образование, за вработување на наставници на определено време со неполн фонд на часови, и тоа 2 наставници по предмет музичко образование за 4 и 5 наставни часови, наставник по училишен хор со 3 наставни часови и наставник на училишен оркестар со 3 наставни часови. По истекот на рокот за пријавување на огласот и примената документација извршен е избор и донесена е Одлука за избор на наставници за учебната 2022/2023 година. Изборот е направен согласно Закон за наставници и стручни соработници во основното и средното образование во кој е уредено дека ако има поголем број пријавени кандидати, тогаш се одредува кандидатот по просекот на успехот на студирање на додипломски студии. Во конкретниот случај подносителката [redacted] од Ресен ниту во текот на огласот, а ни потоа не доставила доказ дека нејзиниот просек е највисок споредбено со другите пријавени кандидати. Понатаму во наводите се изнесува дека [redacted] поднела претставки до Државниот просветен инспекторат, од каде во два наврати е извршен вонреден инспекциски надзор чиј предмет биле неправилности при избор на наставник по музичка култура на јавен оглас во ООУ "Гоце Делчев"–Ресен, а по спроведениот надзор на Записник е констатирано дека нема неправилности во постапката која била предмет на надзор.

Како доказ кон Одговорот доставен од училиштето приложено е Решение 02-194 од 14.11.2022 година за свикување на седница на Училишен одбор со 3та точка на дневен ред Потреба од распишување на јавен оглас. Понатаму Фотокопие од Јавен оглас број 04-195/1 од 16.11.2022 година распишан од директорката на ООУ "Гоце Делчев"–Ресен за прием на наставници на определено работно време до 31.08.2023 година, за учебната 2022/2023 година, во кој под точка 6 се бара 1 (еден) наставник по училишен хор со 3 наставни часа, точка 7 со која се бара еден наставник по училишен оркестар со 3 наставни часа, точка 8 еден наставник по музичка култура со 5 наставни часа и точка 9 еден наставник по музичка култура со 4 наставни часови. Во Јавниот оглас наведени се потребните документи кои треба да се приложат како доказ за исполнување на условите за прием на огласот, и тоа – Уверение или диплома за завршено соодветно образование, оригинал или заверена фотокопија на нотар, - Уверение за државјанство и – Уверение дека кандидатот не е осудуван. Понатаму кон Одговорот во фотокопие приложена е Пријавата по јавниот оглас поднесена од [redacted] од Ресен и во истата е наведено за кои работни места се пријавува и кои документи ги приложува како доказ за исполнување на условите по огласот, и тоа – Диплома за завршено соодветно образование, - Уверение за државјанство, - Уверение дека не е осудувана, - Уверение за педагошка доквалификација и Уверение за положен стручен испит. По Огласот, од страна на директорката на ООУ "Гоце Делчев"–Ресен


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

донесено е Решение за формирање на повремена Комисија за проверка на познавање на македонски јазик на кандидатите кои се пријавиле на оглас за прием на наставници. Приложен е Записник од одржан тест за познавање на македонски јазик спроведен од наведената Комисија на кој присутни биле сите пријавени кандидати и наведено е дека Сите пријавени кандидати го положиле испитот. На 21.11.2022 година донесено е Решение за свикување на седница на Училишен одбор на ООУ "Гоце Делчев"–Ресен со предлог Дневен ред и точка 3 на истиот – Давање на мислење до дирекотрката на училиштето за избор на наставници па определено време за учебната 2022/2023 година до 31.08.2023 година. На 23.11.2022 година одржан е состанок на членови на Училишен одбор за што е составен Записник број 02-210/2 во кој под точка 3 е наведено дека биле разгледани молбите од кандидатите кои биле пријавени на објавениот оглас и наведени се кандидатите кои конкурирале за секое од огласените работни места, со наведување на фактот за комплетирани документи и просекот од образованието. Се наведува дека изборот на кандидатите ќе го изврши директорката на училиштето врз основа на уредноста на документацијата и ПРОСЕКОТ НА КАНДИДАТИТЕ. Приложена е Одлука број 03-195/2 од 25.11.2022 година за избор на наставници за учебната 2022/2023 година донесена од директорката на ООУ "Гоце Делчев"–Ресен, со која под точка 6 за избор на наставник по училишен хор се избира [redacted], под точка 7 за наставник по училишен оркестар е исто така избрана [redacted], под точка 8 за наставник по музичка култура со 5 часа неделно избран е [redacted], а под точка 9 за наставник по музичка култура со 4 часа неделно избран е [redacted] Во прилог на Одговорот доставени се 2 (два) Записника составени од страна на просветен инспектор врз основа на извршени вонредени инспекциски надзори, едниот извршен по претставка од [redacted] за повреда на член 10 став (2) од Закон за наставници и стручни соработници во основното и средното образование, а другиот по претставка од именуваната за повреда на член 10 став (3) од истиот закон, сторени од страна на директорката на ООУ "Гоце Делчев"–Ресен. Во истите од страна на просветен инспектор е констатирано дека не е сторена повреда на наведените одредби, односно од страна на директорката на ООУ "Гоце Делчев"–Ресен не е постапено спротивно на наведените одредби од законот.

Имено, согласно член 9 став (1) од Закон за наставниците и стручните соработници во основнте и средните училишта *наставникот се избира по пат на јавен оглас и заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година.* Во став (2) се уредува дека *доколку вработувањето на наставникот е на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, јавниот оглас се објавува по претходно обезбедена согласност од Министерството, за вработување на определено време до крајот на учебната година.* Понатаму во член 10 став (2) од овој закон се утврдува дека *училиштето, пред да распише јавен оглас за вработување потребата од наставник на определено време ја обезбедува со наставник со соодветно образование и со неполн фонд на наставни часови од друго јавно училиште во општината, а за градот Скопје од друго јавно училиште во општините во градот Скопје,*

*по претходно обезбедена согласност за вработување на определено работно време од Министерството.* Ставот (3) определува дека *кога на јавниот оглас ќе се јават повеќе кандидати, предност имаат наставниците, кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии.* Согласно член 12 од законот *наставниците ги избира директорот на училиштето по предлог на училишниот одбор. Училишниот одбор при изготвувањето на предлогот задолжително треба да ја земе предвид одредбата од членот 10 став (3) од законот.*

Врз основа на сето изнесено, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: лицето [redacted] од Ресен во 2006 година се вработила како наставник по музичко образование во ООУ "Браќа Миладиновци"-с. Царев Двор, Ресен, по две години се префрлила во СОУ "Цар Самуил"–Ресен каде на 15.05.2012 година добила Решение за трансформација на работен однос од определено на неопределено време со неполн фонд на часови, односно со 10 наставни часа или за пола работно време и таму работи до денес исто како наставник по музичко образование. Во 2022 година се пријавила на Јавен оглас за прием на наставници објавен од ООУ "Гоце Делчев"–Ресен и конкурирала за 4 (четири) работни места, и тоа под точка 6, 7, 8 и 9 од Јавниот оглас. За секое од наведените работни места на огласот биле пријавени повеќе кандидати, а изборот на канидати за вработување е извршен од страна на директорката на училиштето, на предлог на Училишниот одбор и при тоа за ниту едно од наведените работни места не е избрана кандидатката, во случајов подносителка на предметната претставка за заштита од дискриминација, [redacted] од Ресен. Именуваната во поднесената документација за пријавување на Јавниот оглас не приложила доказ од кој може да се утврди нејзиниот просечен успех од додипломските студии, а потребата за исполнување на овој услов не е јасно и концизно наведена ниту во Јавениот оглас за прием на наставници во ООУ "Гоце Делчев"–Ресен за училишната 2022/2023 година. Истата околност – недостиг на доказ за просечен успех на додипломски студии се сретнува и кај кандидатот [redacted] кој исто така се пријавил на огласот и е избран за работно место Наставник по музичка култура за 4 наставни часа. Наведеното е видно од Записник на Училишен одбор, како и Записник на просветен инспектор за извршен вонреден инспекциски надзор. На овој начин врз лицето [redacted] од Ресен е сторена директна дискриминација врз основа на личен и општествен статус-степен и успех од стекнато образование и стручна подготовка, во областа на работата и работните односи, а согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација согласно кој "*Дискриминација" е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* Согласно член 5 од овој закон се уредува дека *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување,*

*политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.* Во член 8 став (1) пак јасно е уредено дека *Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Воедно при постапувањето, односно одлучувањето, Комисијата го ценеше фактот дека изборот на наставници е направен за определено време за учебната 2022/2023 година и избраните кандидати, односно наставници се со заснован работен однос заклучнно со 31.08.2023 година.

Од овие причини, согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните

ПРЕПОРАКИ

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА ООУ "Гоце Делчев"–Ресен, претставувано од [redacted] во иднина да се воздржи од преземање на дејствија со кои кандидати за вработување на определено или неопределено време би се ставиле во понеповолна, односно дискриминирана положба од страна на училиштето;
2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА ООУ "Гоце Делчев"-Ресен, претставувано од [redacted] во иднина во случај на потреба од наставен кадар на определено време доследно да го применува и почитува член 10 став (2) од Закон за наставници и стручни соработници во основното и средното образование и
3. СЕ ПРЕПОРАЧУВА ООУ "Гоце Делчев"–Ресен, претставувано од [redacted] во иднина при објавување на Јавни огласи за вработување на наставници и стручни соработници на определено или неопределено време, јасно и прецизно да ги наведува законски предвидените услови за прием односно вработување во училиштето, а во насока на обезбедување на еднаков и правичен третман на кандидатите за вработување.

Скопје
04.08.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од Дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- ООУ Гоце Делчев, со седиште на ул. " Мите Трповски", број 30, Ресен
- Архива на КСЗД